## ЦИРКО АКТИВНОСТИ

На 21.11.2008 година при Машинскиот факултет во Скопје се одржа јавна презентација на реализираните активности во рамките на проектот "Метрологија на геометриските карактеристики во функција на лабораториите за калибрација, производните и едукативните процеси", чии носител е Центарот за истражување, развој и континуирано образование, а главен истражувач е проф. д-р Миколај Кузиновски. Воедно беа презентирани и можностите на Лабораторијата за метрологија на геометриски карактеристики и истражување на квалитет при Машинскиот факултет во Скопје.



На презентацијата беа присутни претставници од Министерството за образование и наука кое е и кофинансиер на проектот, претставници од Министерството за економија, професори од Машинскиот факултет во Скопје, како и претставници од стопанството како корисници на услугите овозможени со реализацијата на проектот.

## ПРОМОЦИЈА НА КНИГА "ЕНЕРГИЈА - КАКО ДА СЕ ЗАШТЕДИ"

Неодамна во х. Александар Палас се одржа промоција на книгата "Енергија - Како да се заштеди", автор: проф. д-р Ристо Цицонков. Книгата е наменета за широк круг на читатели, за студенти, вработени во фирми и институции, како и за за граѓаните кои можат да научат како да се штеди енергијата во домовите.



За авторот и за делото зборуваа проф. д-р Атанас Кочов (декан на Машинскиот факултет - Скопје), д-р Влатко Чингоски (ген. директор на ЕЛЕМ АД) и д-р Димитар Хаџимишев (ген. директор на Топлификација АД).

## КОНФЕРЕНЦИЈА

На ден 21 11 2008 (петок), во просториите на Цирко се одржа работилница на тема: Методи за подобрување на површинските особини на материјалите.
На работилницата свое излагање имаа Доц. д-р Илија Насов, Директор на Центарот за плазма технологии кој говореше на тема ”Изборот на материјал, термички постапки и површински инженеринг за задоволување на површинските особини на машинските делови при експлоатација” и Проф. д-р. Јован Мицковски кој говореше на тема ”Карактеристики, структура и експлоатација на површини третирани со современи постапки”.



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на октомври 2008 год остварија долунаведените настав-ници и соработници:

1. Проф. д-р Атанаско Тунески,проф. д-р Добре Рунчев и проф. д-р Валентина Гечевска во склоп на активностите за релизација на Темпус проектот DEREC JEP-41128-2006 остварија службени патувања во Бугарија од 10-11 ноември 2008 год. и Албанија од 23-24 ноември 2008 год.
2. Во склоп на активностите за реа-лизација на ТЕМПУС проектот JEP-41128-2006 Проф. д-р Татјана Кандикјан и проф. д-р Сидоренко Софија оствария посета на Уни-верзитетот во Ахен, Германија во период од 8-15 номеври 2008 год.
3. Со цел реализирање на актив-ности поврзани со проектот за имплементирање на почисто про-изводство во РМ проф. д-р Атанас Кочов реализира службени пату-вања во Босна и Херцеговина од 31 октомври до 3 номеври 2008 год. и Словенија од 12-14 ноември 2008 год.
4. Проф. д-р Никола Тунески реализира службено патување во Швајцарија заради учество со прифатен реферат на меѓународна конференција одржана во период од 2-4 ноември 2008 година.
5. Доц. д-р Виктор Стојмановски во својство на член на Секторската група за Автомобилска индустрија, транспорт и логистика учествуваше на работниот состанок на оваа група што се одржа во Фиренца, Италија од 3-7 ноември 2008 год.
6. Заради реализирање на проектна соработка и подготовка за аплицирање на меѓународен проект доц. д-р Ѓорѓи Аџиев реализира престој на Универ-зитетот во Трир, Германија во период од 11-15 ноември 2008 година.
7. Проф. д-р Миле Димитровски присус-твува на стручниот собир "Безбедни возила - безбедни патишта" одржан во Келн, Германија во период од 19-22 ноември 2008 год.
8. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ реализира службено патување во Солун, Грција со цел учество со прифатен реферат на меѓународна конференција одржана во период од 21-22 ноември 2008 год.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**08.12.2007**
**Неработен ден**
**“Св. Климент Охридски”**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Ќе се одржат повеќе ННС овој Декември**

**Техничко уредување:**

*Жарко Василјевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, ноември, број 75**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Веќе се во тек или претстојат првите проверки на знаењето и наученото. Објавени се листите на примените кандидати за втор циклус на настава. Вкупно се примени 41 студент во вториот циклус. Наставата е веќе започната по студиските програми и институти. Да им посакаме успешно доусовршување!

.